**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**бр. 02-61/8**
**Скопје, 28.02.2024 година**

Записник од деведесет и седма седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 28.02.2024 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин Иџет Мемети Заменик претседател
г-дин Влатко Георгиевски член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-дин Антонио Јолевски член
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-Арбер Исаку член
г-ѓа Ермон Незири член
г-ѓа Кети Петкова член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-ѓа Душица Димириеска констатираШе дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на деведесет и седмата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следениот дневен ред:

1. Разгледување и усвојување на записникот од 96 (деведесет и шестата) седница на Советот.
2. Разгледување и усвојување на завршната сметка на Советот за 2023 година.
3. Донесување на одлука за утврдување на бројот на слободни јавно обвинителски места во Основните јавни обвинителства за наредните две години.
4. Донесување на Одлука за номинирање на член на Управен одбор во АСЈО
5. Донесување на Одлука за формирање на Комисија за подготвување на кандидатска листа за избор на кандидат за член на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија од подрачјето на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија со изборно место бр.5
6. Донесување на Одлука за формирање на Комисија за спроведување на избори за членови на Советот од редот на јавните обвинители од подрачјето на Јавното обвинителство на РСМ, со изборно место бр.5
7. Донесување на одлука и Решение за мирување на функцијата јавен обвинител во ОЈО Скопје, заради избор на член на Советот на јавните обвинители на РСМ, за јавниот обвинител Зорица Павловиќ.
8. Разно

Предложениот дневен ред бепше едногласно усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно беше усвоен записникот од 96-та седница на Советот.

Под точката два од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот со содржината на завршната сметка на Советот за 2023 година. Воедно кажа дека буџетот на Советот за 2023 година изнесувал вкупно 28.613.000, денари, а реализирани биле вкупно 27.820.000,00 денари и дека реализацијата на буџетот на Советот за 2023 година изнесувал вкупно 97%. Исто така членовите на Советот беа запознаени со бројката на реализирани средства. Кажа дека најголем дел од буџетот оди на исплата на плати и придонеси и воедно членовите на Советот беа запознаени за состојбите како и по основ буџетските средства се трошени, по однос на плаќање комуналии, патни трошоци, регреси и останати ставки и конта. Откако заврши со излагањето отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Антонио Јолевски кој даде појаснување во однос на трошењето на буџетските средства во 2023 година, како што кажа дека во тој период ја извршувал функцијата Претседател на Советот. Кажа дека станува збор за малку средства и дека Советот треба да има поголеми буџетски средства.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за усвојување на завршната сметка на Советот за 2023 година.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ, донесе одлука со која едногласно беше усвоена завршната сметка на Советот за 2023 година.**

Под точката три од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска истакна дека согласно вкупниот број на јавни обвинители и согласно систематизацијата за бројот на јавни обвинители во РСМ, бројката изнесува 261 јавен обвините, а во моментот заклучно со 31.12.2023 функцијата јавен обвинител ја извршуваат вкупно 179 јавни обвинители, што значи 82 јавни обвинителски места помалку. Согласно податокот со кој во наредните две години, јавни обвинители кои ги исполнуваат условите за старосна пензија таа бројка изнесува 17 јавни обвинители. Со оглед на тоа смета дека треба да се утврди бројка од 30 јавно обвинителски места за наредните две години и оваа одлука да се достави до Академијата за судии и јавни обвинители, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека тука се земени веќе во предвид кандидатите кои се веќе во АСЈО.

Г-дин Иџет Мемети се согласи со предлолот на Претседателот на Советот, да се донесе одлука за утврдување за 30 слободни јавно обвинителски места за наредните две години, меѓутоа се осврна на кандидатити кои веќе се примени во АСЈО и таа бројка изнесува 45 јавно обвинителски места. Воедно посочи на податокот дека со измената на законот сите завршени кандидати добиваат уверение со кое можат да бидат и судии и јавни обвинители, во пракса ќе ни се создадат проблеми со тоа што може да се случи да нема кандидати за јавни обвинители се додека Судскиот совет не ги пополни сите упразнети места. Смета дека членовите на УО во АСЈО од страна на Советот треба овој податок да го имаат во предвид.

Г-дин Антонио Јолевски во врска со четириесет и петте слушатели на Академијата за судии и јавни обвинители, предложи да се разговара со членовите на ССРСМ за да нема упад со однос на кандидатите и бројката која ќе биде дадена од страна на СЈОРСМ и ССРСМ и истатата биде испочитувана.

Откако никој не зема збор Советот досесе одлука за утврдување на 30 слободни јавно обвинителски места.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука со која се утврдуваат 30 слободни јавно обвинителски места во АСЈО за академската 2024/2026 година.**

Под точката четири од дневниот ред Претседателот на Советот кажа дека од страна на АСЈО до Советот доставен е допис, во кој од Советот се бара да номинира член на УО во АСЈО, поради тоа што на членот на УО г-ѓа Фиданка Рајевска има престанок на функцијата поради навршување на услови за старосна пензија. Воедно кажа дека мандатот на ново назначениот кандидат ќе трае до крајот на мандатот на претходниот член на УО. Исто така кажа дека во дописот стоело дека именуваноут член на УО на местото на г-ѓа Фиданка Рајевска ќе биде и заменик претседател на УО на АСЈО, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Г-ѓа Кети Петкова зема збор и воедно за член на УО во АСЈО ја предложи Душица Димитриеска.

Откако никој не зема збор предлогот на г-ѓа Кети Петкова едногласно беше усвоен.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ, донесе одлука со која за член на УО во АСЈО се номинира г-ѓа Душица Димитриеска-Претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ.**

Под точка пет од дневниот ред Претседателот на Советот истакна дека Советот треба да донесе одлука за формирање на Комисија за подготвување на кандидатска листа за избор на член на Советот, од подрачјето на ЈОРСМ. Воедно за членови на Комисијата ги предложи г-дин Иџет Мемети за Претседател на Комисијата, г-дин Ермон Незири за член и г-дин Антонио Јолевски за член.

Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка шест од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска, кажа дека Советот треба да формира Комисија за спроведување на избори за член на Советот од редот на јавните обвинители од подрачјето на ЈОРСМ и воедно за членови на Комисијата предложи да бидат: Г-ѓа Кети Петкова-Претседател на Комисијата, г-дин Иџет Мемети- Заменик претседател, г-дин Арбер Исаку-член, г-ѓа Душица Димитриеска-заменик член, г-ѓа Светлана Жупаноска-член, г-ѓа Јелена Догазанова Колева-заменик член.

Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точката осум од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Советот треба да донесе Одлука и Решение за мирување на функцијата јавен обвинител во ОЈО Скопје на јавниот обвинител Зорица Павловиќ, поради избор за член на СЈОРСМ, почнувајќи од 01.03.2024 година.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе Одлука и Решение за мирување на функцијата јавен обвинител во ОЈО Скопје, на јавниот обвинител Зорица Павловиќ, поради избор за член на СЈОРСМ, почнувајќи од 01.03.2024 година.**

Под точката разно од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот со содржината на дописот пристигнат од страна на АСЈО, каде Советот е известен дека АСЈО има потреба од предавачи и тоа јавни обвинители кои ги исполнуваат законските услови од Законот за АСЈО. Било потенцирано дека членовите на Советот се професионалци со искуство и воедно се покануваат сите заинтересирани членови на Советот доколку имаат интерес и ги исполнуваат законските услови со најмалку осум години работно искуство како судија или јавен обвинител да се пријават за предавачи во Академијата.

Под истата точка од дневниот ред г-ѓа Јелена Догазанска Колева ги запозна членовите на Советот со содржината на Претставка бр.164/23 поднесена од лице од Битола, против ВЈО и ОЈО Битола. Кажа дека од страна на ЈОРСМ било доставено известување во кое во кратки црти било дадено образложение за тој случај, но не било

наведено дали јавните обвинители кои постапувале по тој предмет постапиле стручно и законито, туку било констатирано само постапувањето од страна на лекарите во тој настан.

Г-дин Ицет Мемети зема збор и кажа дека ставот на Советот би можел да биде, а тоа е согласно чл.9 од Законот за Советот, да се донесе одлука и побара предметот да се достави до Советот на јавните обвинители на разгледување и потоа ќе може да се види што е превземено и да се донесе конечна одлука.

Под истата точка од дневниот ред г-ѓа Јелена Догазанска Колева ги запозна членовите на Советот со содржината на Претставката РО бр.94/23 поднесена од страна на ОЈО на ОЈО Битола против јавен обвинител во ОЈО Битола.

Отткако никој не зема збор Претседателот на Советот ја заклучи деведесет и седмата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**